1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

2

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 21 јуни 1985
БЕЛГРАД
БРОЈ 30 ГОД. XLI

Цена на овој број е 120 динари. – Претплатата за 1985 година изнесува 3.000 динари – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732;
Телекс 11756

**410.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОМОРСКАТА И ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за поморската и внатрешната пловидба, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година.

П бр. 453
19 јуни 1985 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
**Радован Влајковиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОМОРСКАТА И ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77 и 13/82) во член 6 точка 10 по зборот: „метри" запирката се брише, а зборот: „а" се заменува со зборот: „или".

Член 2

Во член 28 точка 2 по зборот: „предмети" се додаваат зборовите: „и патници".

Член 3

Во член 29 став 1 по зборот: „пловидбата" се брише запирката и се додаваат зборовите: „или претставуваат опасност од загадување,".

Член 4

Во член 41 точка 1 под б) зборот: „вработени" се заменува со зборовите: „кои работат".

Член 5

Во член 51, на сите места, по зборовите: „за товарните линии" се брише запирката и се додаваат зборовите: „или Меѓународната конвенција за спречување на загадување на морето од бродови".

Член 6

Во член 58 став 1 по зборовите: „тонажа на бродот" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно бруто и нето тонажата на бродот".

Член 7

Во член 59 став 2 по зборовите: „Југословенскиот регистар на бродовите" се става точка, а текстот до крајот на став 2 се брише.

Член 8

Во член 60 став 1 по зборовите: „регистарската тонажа" се додаваат запирка и зборот: „тонажата".

Член 9

Во член 65 став 1 точка 1 по зборовите: „нето регистарска тонажа," се додаваат зборовите: „односно бруто или нето тонажата,".

Во точка 2 точката на крајот се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 3, која гласи:

„3) ако бродот на внатрешната пловидба се запишува во уписникот на поморските бродови, односно ако поморскиот брод се запишува во уписникот на бродовите на внатрешната пловидба."

Во став 5 зборовите: „во случајот од точка 1" се заменуваат со зборовите: „во случаите од точ. 1 до 3", а по зборовите: „регистарската тонажа" се додаваат, и зборовите: „односно тонажата".

Член 10

Во член 67 став 1 се менува и гласи:

„Бродските исправи и книги предвидени со овој закон мораат да бидат составени на еден од јазиците на народите на Југославија, а меѓународното свидетелство за товарната линија (член 74 точка 7), меѓународното свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија (член 75), уверението за способноста на поморскиот брод за натоварување на сиплив товар (член 87), меѓународното свидетелство за баждарење (член 79), уверението за осигурување или друга финансиска гаранција за имотната одговорност за штета предизвикана од загадување со масло (член 81) и меѓународното свидетелство за спречување од загадување со масло (член 97) – и на англиски јазик."

Во став 2 зборовите: „уверението за способноста на бродот за товарење на сиплив товар (член 87)," се бришат, а по зборовите: „(член 91)" се додаваат запирка и зборовите: „свидетелството за спречување од загадување со масло (член 97)".

Член 11

Во член 74 во уводната реченица по зборовите: „соодветни свидетелства," се додаваат зборовите: „односно додатоци на свидетелствата,".

Во точка 8 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додаваат нови точ. 9 и 10, кои гласат:

„9) додаток на свиделството за сигурноста на конструкцијата на товарен брод – на поморски танкер од 500 БРТ или повеќе, врз кој се применува Меѓународната конвенција за заштита на човечкиот живот на море, а којшто во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања;

10) додаток на свидетелството за сигурноста на опремата на товарен брод – на поморски танкер од 500 БРТ или повеќе, врз кој се применува Меѓународната конвенција за заштита на човечкиот живот на море, а којшто во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања.".

Член 12

Член 79 се менува и гласи:

„Поморскиот брод мора да има свидетелство за баждарење.

Поморскиот брод долг 24 m и повеќе, врз кој се применува Меѓународната конвенција за баждарење, а кој во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања, мора да има меѓународно свидетелство за баждарење.

Со свидетелство за баждарење и со меѓународното свидетелство за баждарење се докажува бруто и нето регистарската тонажа на бродот односно бруто и нето тонажата на бродот.

Свидетелството за баждарење односно меѓународното свидетелство за баждарење ја губи важноста кога поради преправките извршени на бродот се менува неговата бруто или нето регистарска тонажа, односно бруто или нето тонажата на бродот.

Ако југословенски поморски брод го баждарел во странство странски орган односно установа, свидетелството за баждарење односно меѓународното свидетелство за баждарење што го издал тој орган односно установа ја губи важноста кога поморскиот брод ќе стигне во првата југословенска лука.

По исклучок од одредбата на став 5 од овој член, на југословенски поморски брод кој има странско свидетелство за баждарење односно меѓународно свидетелство за баждарење може да му се одобри, по доаѓањето во првата југословенска лука, во период од една година да го користи тоа свидетелство, ако поморскиот брод е баждарен по системот кој суштествено не се разликува од системот за баждарење според техничките правила на Југословенскиот регистар на бродовите."

Член 13

Во член 83 став 3 зборот: „прописите" се заменува со зборовите: „техничките правила на Југословенскиот регистар на бродовите".

Во став 4 по зборовите: „освен меѓународното свидетелство за товарната линија," се додаваат зборовите: „свидетелството за сигурноста на конструкцијата на товарен брод издадено со рок на важење од пет години,".

Во став 5 точка 1 зборовите: „на свидетелството за конструкцијата на товарен брод" се заменуваат со зборовите: „на свидетелството за сигурноста на конструкцијата на товарен брод издадено со рок на важење од четири години".

По став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Важењето на додатокот на свидетелството за сигурноста на конструкцијата на товарен брод и на додатокот на свидетелството за сигурноста на опремата на товарен брод трае најдолго до истекот на рокот на важењето на соодветното свидетелство за сигурноста.".

Досегашните ст. 7, 8 и 9 стануваат ст. 8, 9 и 10.

Досегашниот став 10, кој станува став 11, се менува и гласи:

„Важењето на регистарот на товарниот уред се потврдува годишно со контролен преглед, а се обновува секоја четврта година или најдолго пет години со редовен преглед."

Досегашниот став 11 станува став 12.

Член 14

Во член 85 став 2 по зборовите: „свидетелството за сигурноста на опремата на товарен брод," се додаваат зборовите: „свидетелството за баждарење, меѓународното свидетелство за баждарење,".

Член 15

Во член 87 став 2 зборовите: „се утврдува и начинот на натоварувањето" се заменуваат со зборовите: „се потврдува дека бродот ги задоволува условите пропишани за превоз".

Член 16

Во член 90 став 1 точка 3 се менува и гласи:

„3) уверение за периодичното испитување на исправноста на дигалката односно на направата за дигање која служи за работи на бродот;".

Член 17

Во член 92 зборовите: „од над 150 номинални коњски сили на оската" се заменуваат со зборовите: „со сила на оската од 110kW и повеќе".

Член 18

Во член 93 зборовите: „над 150 номинални коњски сили на оската" се заменуваат со зборовите: „со сила на оската од 110 kW и повеќе.

Член 19

Член 97 се менува и гласи:

„На поморски брод, заради заштита на околината, му се издаваат соодветни исправи, и тоа:

1) меѓународно свидетелство за спречување на загадување со масло – на поморски танкер од 150 БРТ и повеќе и на поморски брод од 500 БРТ и повеќе, кој не е танкер, врз кој се применува Меѓународната конвенција за спречување на загадување на морето од бродови, а којшто во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања;

2) свидетелство за спречување на загадување со масло:

– на поморски танкер од 150 БРТ и повеќе и на поморски брод од 400 БРТ и повеќе, кој не е танкер, а користи масло како погонско гориво, којшто во поморскиот сообраќај не врши меѓународни патувања;

– на поморски танкер помал од 150 БРТ;

– на поморски брод поголем од 50 БРТ, а помал од 400 БРТ, кој не е танкер, а користи масло како погонско гориво;

– на поморски брод кој има погонски уред со сила на оската од 100 kW и повеќе, без оглед на тонажата, ако користи масло како погонско гориво;

– на поморски танкер од 250 БРТ и повеќе, врз кој се применува Меѓународната конвенција за спречување на загадување на морето од бродови, кој во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања на релации подолги од 50 наутички милји, во траење не подолго од 72 часа;

– на поморски брод од 500 БРТ и повеќе, кој не е танкер, врз кој се применува Меѓународната конвенција за спречување на загадување на морето од бродови, којшто во поморскиот сообраќај врши меѓународни патувања исклучително во посебни подрачја определени со таа конвенција;

3) книга за масла, I Дел (постапки во просториите со уреди) – на секој поморски танкер, поморски брод од 50 БРТ и повеќе, како и на поморски брод што има погонски уред чија сила на оската изнесува 110 kW и повеќе, без оглед на тонажата, а што користат масло како погонско гориво;

4) книга за масла, II Дел (постапка со товарот и баластот) – на секој поморски танкер.

Важењето на исправите од точ. 1 и 2 на овој член трае најдолго пет години, под услов контролните прегледи да се вршат во обемот и роковите во периодот на траењето на важењето на свидетелствата.".

Член 20

Во член 98 зборовите: „и 79" се заменуваат со зборовите: „79 и 97", а зборовите: „книгата за стабилитетот од член 86" – со зборовите: „книгата од чл. 86 и 91".

Член 21

Во член 100 став 5 зборовите: „ст. 4 и 5" се заменуваат со зборовите: „ст. 5 и 6".

Член 22

Во член 101 став 2 зборовите: „ст. 7, 8, 9 и 10" се заменуваат со зборовите: „ст. 8, 9, 10 и 11".

Член 23

Во член 114 став 1 по зборот: „морнарица" се додаваат зборовите: „кој врши работи со кои се обезбедува пловидбата", а по зборот: „овластување" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и приправник за стекнување на звање".

По став 3 се додаваат нови ст. 4 и 5, кои гласат:

„ Покрај овластувањето за вршење работи на соодветно звање од став 2 на овој член, членовите на екипажот можат да стекнуваат и посебни овластувања.

Посебните овластувања од став 4 на овој член се стекнуваат со положен соодветен испит.".

Досегашниот став 4 станува став 6.

Член 24

Во член 155 став 1 точка 1 по зборовите: „на море" се додава запирка, а зборовите: „и Меѓународната конвенција за товарните линии" се заменуваат со зборовите: „Меѓународната конвенција за товарните линии и Меѓународната конвенција за спречување на загадување на морето од бродови" и по зборовите: „за способноста" се додава запирка, а зборовите: „ и свидетелство за товарната линија" се заменуваат со зборовите: „свидетелство за товарната линија и свидетелство за за спречување на загадување со масло".

Член 25

Во член 175 став 1 точка 4, точката на крајот се заменува со знакот точка и запирка и се додава нова точка 5, која гласи:

„5) брод што во целост или делумно е во сопственост на странски физички или правни лица, под услов Социјалистичка Федеративна Република Југославија да врши контрола во управните, економските и техничките прашања над бродот и ако тој упис го дозволи сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските."

Во став 2 зборовите: „од точ. 3 и 4" се заменуваат со зборовите: „од точ. 3, 4 и 5.".

Член 26

Во член 201 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Договорното заложно право на брод може да содржи и овластување од доверителот, во случај на неисплатување на долгот, да го намири своето побарување со искористување на бродот, ако тоа е предвидено со договорот.".

Досегашните ст. 2, 3 и 4 стануваат ст. 3, 4 и 5.

Член 27

Во член 205 се додава нов став 2, кој гласи:

„Договорното заложно право на брод не се протега на искористувањето и употребата на бродот, ако не е договорено поинаку."

Член 28

Во член 785 став 2 по зборот: „пловидбата" точката се брише и се додаваат зборовите: „или претставува опасност од загадување.".

Член 29

Во член 1023 став 1 зборовите: „10.000 до 500.000 динари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: „25.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за", а во точка 3 по зборот: „пловидбата" се додаваат зборовите: „или кој претставува опасност од загадување".

Во став 2 зборовите: „3.000 до 30.000" се заменуваат со зборовите: „6.000 до 60.000".

Член 30

Во член 1024 став 1 зборовите: „5.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „25.000 до 400.000".

Во став 2 зборовите: „2.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „5.000 до 40.000".

Член 31

Во член 1025 став 1 зборовите: „3.000 до 30.000" се заменуваат со зборовите: „6.000 до 60.000".

Во став 2 зборовите: „1.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 20.000".

Член 32

Во член 1026 зборовите: „2.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „4.000 до 40.000".

Член 33

Во член 1027 зборовите: „2.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „4.000 до 40.000".

Член 34

Во член 1028 зборовите: „2.000 до 20.000" се заменуваат со зборовите: „4.000 до 40.000".

Член 35

Во член 1029 зборовите: „1.500 до 15.000" се заменуваат со зборовите: „3.000 до 30.000", а по зборовите: „на другите членови на екипажот" се додаваат зборовите: „или околината од загадување со опасни и штетни материи (масло, отпадни течни горива и нивни мешаници, отпадни води и други отпадни материи, како и со радиоактивни или слични отпадоци) од бродот".

Член 36

Во член 1030 став 1 зборовите: „1.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 20.000", а зборовите: „(член 32)" - со зборовите: „(член 32 став 1)".

Во став 2 зборовите: „1.000 до 5.000" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 10.000".

Член 37

Во член 1031 зборовите: „500 до 5.000" се заменуваат со зборовите: „1.000 до 10.000".

Член 38

Во член 1032 зборовите: „до 3.000" се заменуваат со зборовите: „до 6.000".

Член 39

Во член 1033 зборовите: „до 2.000" се заменуваат со зборовите: „до 4.000".

Член 40

Во член 1034 точка 1 зборовите: „2.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: „4.000 до 20.000", а во точка 2 зборовите: „500 до 5.000" - со зборовите: „1.000 до 10.000".

Член 41

Во член 1036 став 1 по точка 3, се додава нова точка 4, која гласи:

„4) ги определува пловните патишта на кои важи меѓународен или меѓудржавен режим на пловидбата, како и објектите за безбедност на пловидбата на тие патишта;".

Во досегашната точка 4, која станува точка 5, зборовите: „и 627" се заменуваат со запирка и со зборовите: „627 и 842".

Во став 2 по точка 11 се додаваат нови точ. 12, 13 и 14, кои гласат:

„12) за испитувањето на несреќи на бродови;

13) за вршењето пробно возење на бродови;

14) за посебните овластувања на членовите на екипажот и за испитната програма за стекнување на посебни овластувања."

Член 42

До 18 јули 1994 година, поморски брод може да има, покрај свидетелството или наместо свидетелството од член 79 ст. 1 и 2 на овој закон, и свидетелство за баждарење, со кое се утврдува бруто и нето-тонажата во регистарски тони.

Член 43

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи член 19 од Законот за Установата за одржување на поморските пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/74 и 17/81).

Член 44

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**411.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за прометот на експлозивни материи што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година.

П бр. 454
19 јуни 1985 година
Белград

Претседател на
Претседателството
на СФРЈ,
**Радован Влајковиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради заштита на животот, здравјето и безбедноста на луѓето, на материјалните блага и човековата средина, прометот на експлозивни материи се врши под условите определени со овој закон.

Одредбите на овој закон не се однесуваат на прометот на експлозивни материи за потребите на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и на сместувањето на експлозивни материи во јамски магазини на рударски организации на здружен труд.

Член 2

Под прометот на експлозивни материи, во смисла на овој закон, се подразбира набавката, продажбата и употребата на експлозивни материи, како и сместувањето на експлозивни материи во магазини, прирачни складови и продавници на организации на здружен труд и на други организации што вршат набавка, складирање односно продажба на тие материи.

Член 3

Експлозивни материи, во смисла на овој закон, се цврсти и течни хемиски материи што имаат особина, под надворешно дејство, со експлозивно хемиско разорување да ослободуваат енергија во вид на топлота или гасови, предметите наполнети со експлозивни материи и средствата за палење, огнофрлачките и слични предмети.

Член 4

Со промет на експлозивни материи можат да се занимаваат организациите на здружен труд што за тоа ќе добијат одобрение од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чија територија имаат седиште и кои, врз основа на запишување во судскиот регистар, вршат работи на промет на експлозивни материи, ако со овој закон не е поинаку определено.

Организациите на здружен труд, други организации и поединци можат да ги набавуваат и употребуваат само експлозивните материи за чие пуштање во промет е издадено одобрение односно кои се наведени во Листата на експлозивни материи што можат да се пуштаат во промет.

Член 5

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на експлозивни материи се должни, во согласност со своите самоуправни општи акти, да организираат и вршат контрола над исполнувањето на пропишаните услови и со спроведувањето на мерки за прометот на тие материи.

Член 6

Организациите на здружен труд и поединци што во текот на прометот непосредно ракуваат или на друг начин доаѓаат во допир со експлозивни материи се должни да ги преземат сите пропишани превентивни и заштитни мерки со кои се осигурува заштитата на животот, здравјето и безбедноста на луѓето, на материјалните блага и човековата средина.

Член 7

Со експлозивни материи во прометот можат да ракуваат само полнолетни лица што се стручно оспособени за ракување со тие материи.

Стручната подготовка потребна за работа на работи и задачи на кои се ракува со експлозивни материи се утврдува под условите и на начин што се предвидени со пропис што го донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Лицата што не се стручно оспособени за ракување со експлозивни материи можат само да ги пренесуваат, натоваруваат, истоваруваат и да ги сместуваат тие материи во магазин или склад, и тоа ако се претходно запознаени со начинот на работа, со опасностите и со заштитните мерки при работата.

Ако работите од став 3 на овој член ги вршат лица што не се стручно оспособени за ракување со експлозивни материи, тие работи мораат да ги вршат под непосредно раководство и надзор на лице стручно оспособено за ракување со тие материи.

## II. УСЛОВИ ЗА ПУШТАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ВО ПРОМЕТ

Член 8

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на експлозивни материи мораат, пред добивањето на одобрение од член 4 став 1 на овој закон, да обезбедат простории во кои тие материи ќе се сместуваат и чуваат одвоено од другите производи.

Техничките, безбедносните и санитарно-хигиенските услови на просториите за сместување на експлозивни материи мораат да бидат во согласност со одредбите на овој закон, на прописите донесени врз основа на овој закон и со важечките југословенски стандарди и технички нормативи.

Член 9

Експлозивните материи можат да се пуштаат во промет само во пакување и со ознаките што се предвидени со прописите со кои се уредува превозот на опасни материи.

Садовите односно другата амбалажа во која се наоѓаат експлозивни материи мораат да бидат од таков квалитет што при ракувањето и складирањето да не може да дој-де до растурање на тие материи ниту до допир на тие материи со подот на складот или на другите простории во кои се сместени тие материи.

Член 10

Експлозивните матерhи произведени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и експлозивните материи произведени во странство можат да се пуштаат во промет само врз основа на одобрение. Одобрението го издава сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

За секоја експлозивна материја произведена во странство увозникот е должен, кон барањето за издавање на одобрението од став 1 на овој член, да приложи и стручно мислење на странскиот производител со кое се докажуваат нејзините особини.

Пред издавањето на одобрение за пуштање во промет на експлозивна материја што е произведена во Социјалистичка Федеративна Република Југославија се врши испитување на таа материја.

Член 11

Испитување на експлозивните материи врши специјализираната организација на здружен труд или друга организација што ќе ја овласти функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи или стручната комисија што ќе ја формира тој функционер.

Трошоците за испитувањето на експлозивните материи ги поднесува организацијата на здружен труд што бара одобрение за пуштање во промет на експлозивна материја.

Височината на надоместот за испитување на експлозивни материи ја определува сојузната организација надлежна за работи на цените, на предлог од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, а по претходно прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи донесува прописи за условите што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд или други организации што вршат испитување на експлозивни материи во поглед на техничката опременост, стручноста на кадрите и нивното работно искуство на соодветни работи.

Член 12

Барањето за издавање на одобрение за пуштање на експлозивни материи во промет, покрај основните податоци за експлозивната материја, мора да содржи:

1) назив, особини и други податоци со кои се декларира експлозивната материја;

2) опис на работите за кои е наменета експлозивната материја (подземни или надземни работи, работи во метански јами и сл.);

3) стручно мислење на организацијата на здружен труд, на друга организација или на комисијата што вршела испитување на експлозивната материја со кое се докажуваат нејзините особини;

4) упатство за начинот на употреба и уништување на непотрошеното количество експлозивна материја;

5) други податоци што се значајни за безбедно користење на експлозивната материја.

Член 13

Сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, составува врз основа на издадените одобренија од член 10 став 1 на овој закон, Листа на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет.

Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Член 14

Организациите на здружен труд што се занимаваат со прометот на експлозивни материи се должни да прибават од производителот стручно мислење за нејзините особини со кое се потврдува дека експлозивната материја ги исполнува условите утврдени во одобрението за нејзино пуштање во промет. Кон стручното мислење за особините на експлозивната материја се прилага декларација, упатство за начинот на употреба на експлозивната материја и упатство за начинот на нејзиното уништување.

Кон експлозивните материи што се пуштаат во промет задолжително се прилага декларацијата од став 1 на овој член, која содржи:

1) име и хемиски назив на експлозивната материја;

2) податоци за содржината на активните супстанции;

3) датум на производството на експлозивната материја;

4) рок на употребата;

5) назив и адреса на производителот;

6) податоци за начинот и условите за складирање;

7) опис на работите за кои е наменета.

Декларацијата и упатството од став 1 на овој член мораат да бидат отпечатени на јазиците и писмата на народите на Југославије, утврдени со Републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност.

Организацијата на здружен труд што се занимава со промет на експлозивни материи е должна при продажба на експлозивна материја кон секое пакување да ги приложи декларацијата и упатството од став 1 на овој член.

Член 15

Експлозивните материи можат да им се продаваат само на организации на здружен труд, на други организации и на поединци што имаат одобрение за нивна набавка.

Одобрение за набавка на експлозивни материи издава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Барањето за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи содржи: назив и седиште на организацијата на здружен труд, односно податоци за лицето што го поднесува барањето; податоци за лицето што ќе ја преземе експлозивната материја, податоци за лицето што ќе ракува со експлозивните материи; технички назив на експлозивната материја; причини поради кои се набавуваат експлозивните материи; количеството што се набавува; податоци за можностите за сместување на експлозивни материи, за начинот на нивниот превоз, времето и местото на изведувањето на работите со тие материи и рок до кој тие ќе бидат потрошени.

На организациите на здружен труд чија дејност бара редовна употреба на експлозивни материи може, зависно од можностите за сместување и од обемот на потрошувачката на експлозивни материи, да им се издаде одобрение за повеќекратна набавка на тие материи, со рок на важење од една година.

Член 16

Одобрението за набавка на експлозивни материи на подносителот на барањето му се издава во два примерока.

Организацијата на здружен труд што се занимава со промет на експлозивни материи е должна, при продажбата на експлозивна материја во обата примерока на одобрението, да ги назначи видот и количеството на продадената експлозивна материја, со тоа што едниот примерок го задржува за себе, а другиот му го врачува на купувачот.

Член 17

Одобрение за набавка на експлозивни материи нема да им се издаде на:

1) малолетно лице;

2) лице што е осудено за кривично дело или што е казнето за прекршок, ако кривичното дело односно прекршокот укажува на неговата неподобност за држење на експлозивни материи или на можност за злоупотреба на тие материи, ниту на лице против кое се води кривична или прекршочна постапка за такво кривично дело или прекршок;

3) лице што нема оправдана потреба за експлозивна материја;

4) лице што не ги обезбедило условите потребни за превоз односно за пренесување и сместување на експлозивна материја, или не е стручно да ракува со експлозивна материја односно не обезбедило стручно лице за ракување со експлозивни материи;

5) организација на здружен труд што не ги исполнува условите во поглед на сместувањето и чувањето на експлозивни материи или нема стручно лице за ракување со такви материи.

Одобрение за набавка на експлозивни материи нема да се издаде ни ако тоа го налагаат интересите на јавниот ред и мир односно интересите на безбедноста.

Во решението со кое врз основа на став 1 точка 3 и врз основа на став 2 од овој член, се одбива барањето за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи не мораат да се наведат причините од кои се раководел надлежниот орган при донесувањето на решението.

Член 18

Со едно одобрение за набавка на експлозивни материи на поединец може да му се одобри набавка најмногу пет килограми експлозивни материи, 50 парчиња средства за палење и соодветно количество бавногорлив штапин.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, на поединец може да му се одобри набавка на поголемо количество експлозивни материи, поголем број на средства за палење и поголемо количество бавногорлив штапин, ако врз основа на приложената проектна документација може да се утврди дека за изведување на работите се потребни тие количества.

Во одобрението за набавка на експлозивна материја што му се издава на поединец се определува и местото на набавката на таа материја, кое е најблиско до местото на употребата на експлозивната материја.

Поединец што набавил еклпозивни материи е должен, по завршените работи, преостанатите количества на тие материи да ѝ ги врати на организацијата на здружен труд кај која ги набавил или стручно лице да ги уништи и за тоа да го извести органот што го издал одобрението за набавка на експлозивна материја.

Член 19

Организацијата на здружен труд што добила одобрение за набавка на експлозивни материи може, во случај на потреба, да ги позајми од друга организација на здружен труд само оние експлозивни материи и во оние количества што се наведени во одобрението за набавка на експлозивни материи.

Организацијата на здружен труд што ѝ позајмила на друга организација на здружен труд експлозивни материи е должна во рок од осум дана од денот кога ѝ е предадена експлозивната материја на таа организација да го извести органот што го издал одобрението за набавка на експлозивни материи за видот и количеството на позајмените експлозивни материи.

Член 20

Организациите на здружен труд што набавуваат, продаваат, употребуваат или на друг начин вршат промет на експлозивни материи се должни да водат евиденција за набавените, продадените, потрошените, уништените или на друг начин отуѓените количества на експлозивни материи.

Евиденцијата од став 1 на овој член содржи:

1) назив и адреса на организацијата на здружен труд која набавува, продава, употребува или уништува експлозивни материи, односно име и презиме, адреса и број на личната карта на лицето што набавува експлозивна материја;

2) назив и количество на експлозивната материја;

3) име и презиме, адреса и број на личната карта на лицето што ги презело експлозивните материи;

4) број на одобрението за набавка на експлозивни материи и назив на органот што го издал одобрението, датум на издавањето на експлозивната материја, потпис на лицето што ја издало и потпис на лицето што ја презело експлозивната материја.

Член 21

Организацијата на здружен труд што употребила експлозивни материи мора неупотребените експлозивни материи и неупотребливата амбалажа во која биле спакувани експлозивни материи да ѝ ги врати на организацијата на здружен труд од која ги набавила, или да ги уништи во согласност со упатството од производителот и на начин кој не ги загрозува животот, здравјето и безбедноста на луѓето, материјалните блага и човековата средина.

Организацијата на здружен труд од став 1 на овој член е должна да го извести надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина за местото, времето и начинот на уништување на неупотребените експлозивни материи и на неупотребливата амбалажа и тоа најдоцна на два дена пред денот определен за уништување на тие материи односно амбалажа.

Член 22

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на експлозивни материи на мало можат во своите продавници или приручни складови да сместуваат само муниција, ловечки барут, капсли за ловечка муниција, пиротехнички производи, бавногорлив штапин и помошни средства за палење, под услов вкупното количество на барутот, заедно со барутот што се наоѓа во муницијата да не го надминува количеството од 20 килограми.

Количествата на експлозивни материи поголеми од количествата од став 1 на овој член и другите видови експлозивни материи мораат да бидат сместени во магазин.

Организацијата на здружен труд, чија дејност бара употреба на експлозивни материи, може тие материи да ги сместува и во контејнери што се изработени за тоа, под условите и во количествата утврдени со пропис што го донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 23

Просториите во кои се сместуваат експлозивни материи мораат да бидат обезбедени од пристапот на неовластени лица.

Клучевите од просториите во кои се држат експлозивни материи може да ги чува само лицето што се грижи за сместувањето и издавањето на тие материи.

Член 24

Магазините за сместување на експлозивни материи мораат да бидат надвор од населени места и доволно оддалечени од јавни патишта, железнички пруги и далноводи со висок напон односно одвоени од тие објекти со заштитен градобран или со ѕид што дава полна заштита од експлозија и пожар.

Локацијата и инвестиционо-техничката документација за изградба на магазини за сместување на експлозивни материи ги одобрува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, во согласност со пропишаните технички нормативи.

Употребата на магазин за сместување на експлозивни материи ја одобрува со решение надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина. Во решението се определува кои видови експлозивни материи и во кои количества можат да се сместуваат во магазинот.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, во соработка со сојузниот секретар за народна одбрана, донесува прописи за утврдување на безбедносните растојанија за сите типови складови, натоварни, претоварни и истоварни места, како и прописи со кои поблиску се утврдуваат условите што мораат да ги исполнуваат тие објекти и места, и за начинот на нивното физичко обезбедување.

Член 25

Во магазин во кој се чуваат повеќе видови експлозивни материи, тие материи мораат да се сместуваат во одвоени простории или во прегради посебно изградени за тоа.

Средствата за палење не смеат да се држат во магазинот заедно со експлозивни материи, освен ако во магазинот постојат простории посебно опремени за тоа.

Член 26

Внатрешноста на магазинот за сместување на експлозивни материи треба, по правило, да биде осветлена со дневна светлина.

Ако магазинот се осветлува со електрично осветление, електричните инсталации мораат да бидат изведени во согласност со прописите за техничките нормативи со кои се уредува ракувањето со експлозивни материи и се предвидуваат мерки за заштита на животот, на здравјето и безбедноста на луѓето, материјалните блага и човековата средина од експлозии и пожари.

Член 27

Магазинот за сместување на експлозивни материи, по правило, не се загрева.

Ако е неопходно загревање на определени простории во магазинот, тоа мора да се врши во согласност со пропишаните технички нормативи.

Член 28

Магазинот за сместување на експлозивни материи мора да има вентилација.

Отворите за вентилација мораат да бидат изработени така што да не можат да се затворат односно да се затнат и низ нив да не може да влезе вода во магазинот.

Член 29

Магазините, продавниците и прирачните складови за сместување на експлозивни материи мораат да бидат снабдени со апарати или со други уреди за гаснење пожари и мораат да имаат громобранска инсталација.

Член 30

Експлозивните материи се држат во магазин за сместување на експлозивни материи во пропишаното пакување и сложени на начинот предвиден со пропишаните технички нормативи.

Член 31

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на експлозивни материи, како и организациите на здружен труд и поединиците што набавуваат експлозивни материи за сопствени потреби, се должни во случај на исчезнување на тие материи да преземат потребни мерки за нивно пронаоѓање и за исчезнато количество експлозивни материи веднаш да ја известат најблиската станица на милицијата.

## III. НАДЗОР

Член 32

Надзор над применувањето на заштитните и другите мерки на безбедност пропишани со овој закон вршат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина.

Член 33

Во вршењето на надзорот, органот од член 32 на овој закон може:

1) да нареди утврдените неправилности да се отстранат во рокот што ќе го определи тој;

2) да им забрани натамошно ракување со експлозивните материи на лицата што не се стручно оспособени за ракување со тие материи;

3) привремено да забрани вршење на одделни дејствија во врска со прометот или со употребата на експлозивни материи, ако во поглед на местото, времето и начинот за вршење на таа дејност не се исполнети пропишаните услови;

4) да ѝ забрани на организацијата на здружен труд да се занимава со промет или со употреба на експлозивни материи, ако утврди дека во организирањето на прометот или во начинот на користењето на тие материи се сторени потешки пропусти во поглед на преземањето на заштитните и други мерки на безбедност;

5) да запре изградба и реконструкција на магазини или на други простории за сместување на експлозивни материи за чија локација, изградба или реконструкција не постои согласност односно одобрение од надлежниот орган - додека не се прибави согласност односно одобрение;

6) да забрани промет на експлозивни материи чии садови и друга амбалажа, пакување и ознаки не се во согласност со одредбите на член 9 од овој закон - додека не се отстранат утврдените недостатоци;

7) да забрани промет на експлозивни материи што не се наведени во Листата на експлозивни материи што можат да се пуштаат во промет и да го определи начинот на постапувањето со тие материи;

8) да забрани употреба на магазин, склад, натоварно, претоварно или истоварно место што не ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и со техничките нормативи;

9) да одземе експлозивни материи на поединец што тие материи ги држи или употребува спротивно на одредбите од овој закон;

10) да нареди преземање на други пропишани мерки во врска со прометот, ракувањето и чувањето на експлозивни материи.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Со парична казна од 500.000 до 5,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако се занимава со промет на експлозивни материи без одобрение од надлежниот орган (член 4 став 1);

2) ако набави или употреби експлозивна материја за чие пуштање во промет не е издадено одобрение односно

која не е наведена во Листата на експлозивни материи што можат да се пуштаат во промет (член 4 став 2);

3) ако експлозивна материја произведена во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или експлозивна материја произведена во странство пушти во промет пред добивањето на одобрение за нејзино пуштање во промет (член 10 став 1);

4) ако продаде експлозивна материја на организација на здружен труд или на друга организација или на поединец што нема одобрение за набавка на таа материја (член 15 став 1);

5) ако позајми експлозивна материја на организација на здружен труд која нема одобрение за набавка на таа материја, или позајми во количество поголемо од количеството наведено во одобрението за набавка на експлозивни материи (член 19 став 1).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап со парична казна од 10.000 до 200.000 динара и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

За дејствието од став 1 точ. 2 и 5 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница, во друг државен орган или во месната заедница со парична казна од 10.000 до 200.000 динари.

Член 35

Со парична казна од 30.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако во согласност со своите самоуправни акти не организира или не врши контрола над исполнувањето на пропишаните услови и над спроведувањето на мерките за промет на експлозивни материи (член 5);

2) ако пред издавањето на одобрението за занимавање со промет на експлозивни материи не обезбеди простории во кои тие материи ќе ги сместува и чува одвоено од другите производи (член 8 став 1);

3) ако пушти во промет експлозивна материја што не е спакувана или обележана во согласност со прописите со кои се уредува превозот на опасни материи (член 9 став 1);

4) ако држи експлозивни материи во садови или во друга амбалажа од која, при ракувањето и складирањето, може да дојде до растурање или до допир на тие материи со подот на складот или на друга просторија во која се сместени тие материи (член 9 став 2);

5) ако во рок од осум дена од денот на позајмувањето не го извести органот што го издал одобрението за набавка на експлозивна материја за видот и количеството на позајмената експлозивна материја (член 19 став 2);

6) ако не води или неуредно ја води пропишаната евиденција за набавените, продадените, потрошените, уништените или на друг начин отуѓените количества на експлозивни материи (член 20);

7) ако неупотребената експлозивна материја и неупотребливата амбалажа во која била спакувана експлозивната материја не ѝ ги врати на организацијата на здружен труд од која ги набавила или не ги уништи во согласност со упатството на производителот и на начин со кој не се загрозува животот, здравјето и безбедноста на луѓето, материјалните блага и човековата средина или ако не го извести надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина за местото, времето и начинот на уништување на неупотребената експлозивна материја и неупотребливата амбалажа, најдоцна два дена пред денот определен за уништување на таа материја односно амбалажа (член 21);

8) ако во продавница или приручен склад смести експлозивни материи што не можат да се држат во тие објекти или ги држи во количества поголеми од 20 килограми (член 22 став 1);

9) ако просториите во кои се сместени експлозивни материи не ги обезбеди од пристапот на неовластени лица (член 23 став 1);

10) ако употреби магазин за сместување на експлозивни материи без одобрение од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина или во магазин смести вид материја која не е определена во решението или во количество поголемо од количеството определено во решението (член 24 став 3);

11) ако складот, натоварното, претоварното или истоварното место не ги обезбеди физички на начин определен со прописот донесен врз основа на овој закон (член 24 став 4);

12) ако во магазинот во кој се чуваат повеќе видови експлозивни материи не ги смести тие материи во одвоени простории или во прегради посебно за тоа изградени, или средства за палење држи заедно со експлозивни материи (член 25);

13) ако електричните инсталации во магазинот за сместување на експлозивните материи, што се осветлува со електрично осветление, не ги изведе во согласност со прописите за техничките нормативи со кои се уредува ракувањето со експлозивни материи и се предвидуваат мерките за заштита на животот, здравјето и безбедноста на луѓето, на материјалните блага и на човековата средина од експлозии и пожари (член 26 став 2);

14) ако загревањето во магазинот, кога е тоа неопходно, не се врши во согласност со пропишаните технички нормативи (член 27 став 2);

15) ако магазинот, продавницата и приручниот склад за сместување за експлозивни материи не ги снабди со апарат или со други уреди за гаснење на пожари или со громобранска инсталација (член 29);

16) ако во случај на исчезнување на експлозивни материи не ги преземе потребните мерки за нивно пронаоѓање и за исчезнатото количество експлозивни материи веднаш не ја извести најблиската станица на милицијата (член 31).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 3.000 до 30.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 36

Со парична казна од 10.000 до 250.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако со експлозивните материи ракува малолетно лице или лице кое не е стручно оспособено за ракување со тие материи или ако експлозивните материи ги пренесуваат или натоваруваат или истоваруваат или сместуваат во магазин или во складови лица што не се за тоа стручно оспособени без надзор од лицето стручно оспособено за ракување со тие материи (член 7);

2) ако пушти во промет експлозивна материја за која не прибавило од производителот стручно мислење за нејзините особини или ако кон стручното мислење не приложи декларација и упатство за начинот на употреба на експлозивната материја и упатство за начинот на нејзиното уништување (член 14);

3) ако при продажба на експлозивна материја, во обата примерока на одобрението за набавка на експлозивна материја не ги назначи видот и количеството на продадената експлозивна материја (член 16);

4) ако магазинот за сместување на експлозивни материи нема вентилација или отворите за вентилација се изградени така што да можат да се затворат односно да се затнат или низ нив да може да продре вода во магазинот (член 28);

5) ако експлозивната материја во магазинот за сместување на експлозивни материи не ја држи во пропишаното пакување и сложена на начинот предвиден со пропишаните технички нормативи (член 30).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 2.000 до 20.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 37

Со парична казна од 3.000 до 30.000 динари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок поединец:

1) ако набави или употреби експлозивна материја за чие пуштање во промет не е издадено одобрение или која не е наведена во Листата на експлозивни материи што можат да се пуштаат во промет (член 4 став 2);

2) ако набави експлозивна материја за која нема одобрение за набавка (член 15 став 1);

3) ако, по завршените работи, преостанатото количество на експлозивна материја не ѝ го врати на организацијата на здружен труд кај која го набавило или стручно лице не ја уништи или ако за тоа не го извести органот што му го издал одобрението за набавка на експлозивна материја (член 18 став 4);

4) ако клучевите од просториите во кои се сместени експлозивни материи му ги довери на лице кое не се грижи за сместување и издавање на тие материи (член 23 став 2);

5) ако во случај на исчезнување на експлозивни материи не ги преземе потребните мерки за нивно пронаоѓање или за исчезнатото количество на експлозивни материи веднаш не ја извести најблиската станица на милицијата (член 31).

Член 38

Осудата на одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице за стопански престап од член 34 на овој закон на парична казна во износ поголем од 30.000 динари повлекува, како правна последица на осудата, забрана на вршењето работи и задачи на промет на експлозивни материи.

Правната последица од став 1 на овој член трае три години од денот на правносилноста на пресудата.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи е должен, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, да ги донесе прописите од член 24 на овој закон.

Член 40

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на експлозивни материи се должни постојните складови и продавници да ги адаптираат и опремат така што да им одговараат на условите утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 41

Листата од член 13 на овој закон ги содржи и експлозивните материи за чие пуштање во промет е издадено одобрение според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 42

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/76).

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**412.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НАГРАДАТА „ЕДВАРД КАРДЕЉ"

Се прогласува Законот за измена на Законот за Наградата „Едвард Кардељ", што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 19 јуни 1985 година.

П бр. 455
19 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Радован Влајковиќ,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НАГРАДАТА „ЕДВАРД КАРДЕЉ"

Член 1

Во Законот за Наградата „Едвард Кардељ" („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 13/82) во член 10 став 4 зборовите: „една година" се заменуваат со зборовите: „пет месеци".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**413.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 17 јуни 1985 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1984 ГОДИНА

Се потврдува Завршната сметка на Народната банка на Југославија за 1984 година, што ја донесе Советот на гувернерите со својата одлука О. бр. од 24 до 27 март 1985 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 544
17 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши,** с.р

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Методи Антов,** с.р.

## 414.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 17 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1985 ГОДИНА

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1985 година, што го донесе Советот на гувернерите со својата одлука О. бр. од 23 до 27 март 1985 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 545
17 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши,** с.р.

Претседател на
Соборот на републиките
и покраините,
**Методи Антов,** с.р.

---

## 415.

Тргнувајќи од состојбата на економските односи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странство, согледливите процеси и промени во светското стопанство, потребата за побрзо отстранување на расчекорот помеѓу трајното определување на политиката на економско отворање спрема светот и постигнатите резултати, како и од нужноста за донесување како на тековни така и на развојно-стратегиски програми и мерки,

тргнувајќи од начелата на Уставот на СФРЈ, определувањата на Програмата на Сојузот на комунистите на Југославија и на Долгорочната програма за економска стабилизација,

тргнувајќи од начелните ставови на неврзаните земји содржани во документите усвоени на конференциите на највисоко ниво, ставовите на Групата 77 земји во развој, одлуките на Организацијата на обединетите нации, како и од спогодбите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за економската соработка со другите држави и со регионалните економски организации,

уверена дека стабилниот и динамичен општествен, стопански и културен развој на земјата во условите на социјалистичкото самоуправување и нејзината меѓународна положба бара широко вклучување на југословенското стопанство во меѓународните економски односи врз основа на оптимално користење на сопствените материјални и човечки извори и на оспособеноста на стопанството за рамноправна, ефикасна и урамнотежена соработка со странство,

врз основа на член 281 став 1 точка 5 и на член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 17 јуни 1985 година, донесе

## РЕЗОЛУЦИЈА

### ЗА ПОЛИТИКАТА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА СО СТРАНСТВО

I

1. Современиот развој во светот доведе до растечка меѓуповрзаност и меѓузависност на националните стопанства. Развојот на технологијата, со која располагаат развиените земји и врз која се заснова високата специјализација на производството, уште повеќе ја засили нерамноправната положба на земјите во развој. Во условите на светска економска криза суштествено се влошени можностите за економски развој и соработка во светот, со што посебно се засегнати земјите во развој, особено најмалку развиените меѓу нив. Во тие околности продлабочувањето на економскиот јаз меѓу развиените земји и земјите во развој е сè поопасен извор на политички и социјални растројства во светот.

2. Политиката на блокови и интересни сфери, изразените процеси на политизација и милитаризација на економските односи, натпреварот во вооружување, агресијата врз независните земји пројавена во разни видови, заострувањето на постојните и отворањето на нови кризни жаришта - неповолно се одразуваат врз сите области на меѓународните економски односи. Сè поголемиот удел на воената опрема и на вооружувањето во структурата на производството ангажира огромни средства и умови, отежнувајќи го економскиот и социјалниот развој и загрозувајќи ги мирот и безбедноста во светот.

3. Кризата на светското стопанство и на меѓународните економски односи, а посебно протекционистичките мерки што развиените земји на Запад широко ги применуваат, депресијацијата на цените на стоките од земјите во развој, осцилациите во движењата на интервалутарните курсеви и политиката на високи каматни стапки предизвикуваат мошне тешки проблеми во развојот на светското стопанство, а посебно на стопанството на земјите во развој. Особено загрижува височината на надворешните долгови на земјите во развој и фактот дека одливот на финансиските средства од тие земји е поголем од приливот на средствата за нивни развој. Со тоа долговите стануваат глобален проблем на светското стопанство што врз економските и општествено-политичките движења во земјите-должнички влијае дестабилизирачки а тоа има несогледливи последици за економскиот и политичкиот развој во светот. Тоа, покрај другото, изискува промени на постојниот меѓународен финансиски и монетарен систем.

Извесното оживување на стопанската активност во некои развиени земји на Запад е од таков карактер што не дава изгледи за трајно и стабилно оздравување, па се потребни сериозни промени во меѓународниот економски и финансиски систем.

4. Надминувањето на кризата на меѓународните економски односи и обезбедувањето на побрз развој на земјите во развој бараат структурни и институционални промени во процесот на воспоставување на новиот меѓународен економски поредок. Тоа е основа за натамошен напредок и развој на светското стопанство и на рамноправната меѓународна соработка. Составен дел на овие процеси е сè поширокото индивидуално и колективно потпирање врз сопствените сили на земјите во развој, со постојано ширење на основите на меѓународните економски односи врз принципите на рамноправност и заемна корист.

Загрижува неподготвеноста на развиените земји да ги прифатат нужните промени во системот на меѓународните економски односи, како и настојувањето на некои од нив да ги поништат досега постигнатите позитивни резултати во меѓународната соработка за развојот и да ја заобиколат Организацијата на обединетите нации. Развојот на мултилатералната економска соработка, и со тоа, на спогодбеното барање излез од постојните тешкотии претставува пат и придонес за поусогласен развој на светското стопанство и на меѓународните економски односи.

5. Неповолните текови во светското стопанство и во меѓународните економски односи негативно дејствуваат и врз меѓународната економска положба на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и го отежнуваат поактивното вклучување на нејзиното стопанство во меѓународната поделба на трудот.

6. Влошената положба на нашата земја во меѓународните економски односи е последица, пред сè, од нарушувањата во сопствениот економски развој, автаркичноста, недостигот на извозно-развојна стратегија, превисоката надворешна задолженост, несоодветното реагирање на енергетската криза, слабостите во системот и механизмите на економските односи со странство и незадоволителната организираност и усогласеност на дејствувањето на носителите на економската соработка со странство.

Врз тешкотиите во економските односи со странство, како и врз вкупниот стопански развој влијаеше недоволното дејствување на економските законитости на пазарот, изразените слабости во функционирањето на единствениот југословенски пазар и незадоволителниот степен на самоуправното поврзување и на интеграцијата на здружениот труд. Тоа доведе до крупни структурни проблеми во стопанството, нерационално користење на изградените капацитети и до ниска општествена продуктивност на трудот. Несразмерната потрошувачка, како и недоволното влијание на светските норми на стопанисувањето негативно се одрази врз развојот на производните сили и врз јакнењето на конкурентната способност на нашето стопанство на светскиот пазар. Последица од тоа е релативно помалото присуство на Југославија во меѓународните економски текови, намалувањето на уделот на нашиот извоз во светскиот извоз, зголемувањето на надворешнотрговскиот и платниот дефицит и големиот пораст на задолженоста на земјата.

7. Врз натамошниот развој на стопанството на Југославија ќе влијаат и во иднина правците и динамиката на промените во светското стопанство. Несомнено е, меѓутоа, дека тој развој ќе зависи, пред сè, од сопствената способност брзо и адекватно да реагираме на тие промени, користејќи ги најновите техничко-технолошки достигања, рационално употребувајќи ги материјалните и човечките извори и компаративните предности на меѓународен план.

Интензивирањето на економските односи со странство, посебно на извозот, претпоставува, пред сè, и поцелосно дејствување на критериумите на продуктивноста, економичноста и на работењето на развиените странски стопанства, јакнење на економските законитости на домашниот пазар и врз тие основи, валоризација на нашите развојни цели. Тоа интензивирање вклучува изградба на оптимални капацитети, брз техничко-технолошки развој, адекватно користење на домашните извори, поттикнување на развојот и примената на сопствените научни и технолошки достигања, поцелосно користење на кадровските потенцијали, подолгорочна кадровска политика и побрзо кадровско приспособување кон потребите на развивањето на економската соработка со странство.

## II

Собранието на СФРЈ ги утврдува следниве основи на политиката, насоки и правци на активностите во областа на економските односи со странство:

1. Развивањето на економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странство, врз принципите на рамноправност, обострана корист и заемно уважување на интересите е една од суштествените претпоставки на динамичниот развој на југословенското стопанство и на неговото успешно вклучување во меѓународната поделба на трудот. Тежиштето на стратегијата на економските односи со странство и на вкупната развојна политика мора да биде врз натамошната експанзија на извозот врз основа на поголема продуктивност на трудот и поефикасно работење и порационална супституција на увозот.

2. Остварувањето на политиката и системот во областа на економските односи со странство утврдени во Долгорочната програма за економска стабилизација создава услови за динамичен и стабилен општествен и стопански развој.

3. Решавачко значење за развивањето на економските односи со стрнство, како дел од вкупниот стабилен стопански развој, има натамошното јакнење на улогата на работниците во одлучувањето и поголемиот степен на самоуправното здружување на трудот и средствата.

Исклучително важно е усогласувањето на поединечните и на заедничките интереси на различните субјекти во планирањето и реализацијата на економските односии со странство, а заради оптимални вкупни извозни ефекти. Тоа е услов за побрзо одвивање на интеграционите процеси и на поделбата на трудот во југословенското стопанство по пат на општествено планирање и насочување на стопанскиот развој на единствениот југословенски пазар.

4. Економската соработка со странство мора да се заснова врз долгорочни и стабилни основи, со унапредување на нејзиното програмирање, организација и координација, со самоуправно поврзување на производствените и истражувачко-развојните организации и со здружување на финансиските средства.

5. Заради остварување на долгорочната извозна ориентација е потребно:

– со решенијата во стопанскиот систем и со мерките на економската политика да се создаваат услови во кои здружениот труд ќе биде мотивиран за трајна ориентација кон извоз. Во врска со тоа е неопходно во практиката доследно да се остварува концептот на системот и на политиката на економските односи со странство прифатен во Долгорочната програма за економска стабилизација;

– самоуправно здружување на трудот и средствата на единствениот југословенски пазар и решителна ориентација на непосредните производители кон извоз, како и ангажирање врз тоа на сите општествени субјекти заради надминување на расцепканоста и заради обезбедување на поголем степен на концентрација на средствата и кадрите, со поголемо вклучување на науката;

– организациите на здружен труд и нивните асоцијации посебно внимание да ѝ посветуваат на примената на современите достигања во производството и современиот маркетинг (особено на економската пропаганда и производството на стоки и давањето услуги за потребите на светскиот пазар и на сè поширокото истапување со стоки под сопствен заштитен знак, со сопствен дизајн и иновации); создавањето и регистрирањето на единствени заштитни марки за југословенските производи наменети за извоз; почитувањето на добрите деловни обичаи (стабилност и солидност) во извршувањето на договорните услови и обврски;

– да се развива производството, пред сè, на стоки и услуги во кои имаме или можеме да имаме компаративни предности, т.е. во расположивите природни ресурси, имајќи ги предвид и можностите за супституција на увозот, и во развојниот потенцијал (науката, технологијата, образованието, информатиката, организацијата). Да се подобрува квалитетот на производите и услугите, како и сите други елементи кои позитивно влијаат врз конкурентноста на меѓународниот пазар (рокови на испорака, обезбедување на резервни делови и сервисирање, доследно почитување на добрите деловни обичаи, организирано истражување на светскиот пазар);

на стопанството да му се обезбеди ефикасна финансиска поддршка заради вклучување во меѓународните економски текови. Со здружени усилби банките, заедно со стопанството, ќе ги организираат формите на вршење на стопанските дејности во странство, пред сè, во земјите во развој, кои ќе обезбедуваат информатика и маркетинг, како и помош во финансирањето на претходните работи потребни за добивање на работите. Југословенската банка за меѓународна економска соработка треба да одигра своја општествена улога во собирањето на банките и на финансиските институции заради заеднички настап и помош на

стопанството на странските пазари. За таа цел на Банката треба да и се обезбедат трајни и стабилни извори на средства;

- со спроведувањето на мерките за оживување на производството и за стабилизација на стопанските текови, постепено да се создава претпоставка за воспоставување на конвертибилност на динарот.

6. Во стопанскиот развој е неизбежна поинтензивна примена на резултатите од науката и технологијата, како со подобро користење на сопствените остварувања така и на достигањата во светски размери, по пат на рамнопавна научна и технолошка соработка. Со координиран увоз треба да се обезбедува врвна технологија во согласност со стратегијата на долгорочниот стопански и технолошки развој, со зголемени усилби да се развијат сопствените можности врз основа на единствената стратегија на технолошкиот развој на Југославија.

7. Во економските односи со странство, покрај зголемувањето на стоковната размена, треба да се настојува со сите земји во кои за тоа постојат услови и обострани економски интереси врз долгорочна и стабилна основа да се развиваат производствената и техничко-технолошката соработка, индустриската кооперација, соработката во областа на агрокомплексот, финансиската соработка и заедничките вложувања. Таквата економска соработка мора да придонесе за модернизација на сопственото производство, вклучувајќи ги техничко-технолошките иновации и информатиката, за подигање на квалитативните елементи на стопанисувањето, за остварување на потребните структурни промени и за поуспешно учество на југословенското стопанство на светскиот пазар.

Интензивно меѓусебно да се поврзуваат одделни форми на економската соработка со странство така што стоковната размена да биде сè повеќе во функција на индустриската кооперација и специјализација и на други видови долгорочна и стабилна соработка.

8. Неопходно е да се засилува учеството на услугите во вкупниот извоз. Притоа посебно внимание треба да му се посвети на нивното интегрално поврзување со другите форми на проширување на економските односи со странство.

Географската положба на Југославија дава големи можности за развивање на транзитниот сообраќај. Посебно бнимание да и се посвети на модернизацијата на сообраќајот; на изработката на долгорочни програми за развој на копнените, поморските, речните и воздушните сообраќајници; на унапредувањето на соработката помеѓу луките на Јадранско Море и на зголемувањето на користењето на нашите лучки капацитети. Користењето на природните богатства на морето, исто така, треба да се вклучува во меѓународната економска соработка.

Поцелосно да се искористат широките можности за развој на туристичкото стопанство. Врз таа основа да се комплетира туристичката понуда и посебно да се подобри асортиманот на стоките и услугите заради зголемување на вкупната туристичка потрошувачка; за тоа треба да придонесат соодветните системски решенија и мерките на економската политика. Во 1985 година да се согледаат можностите и да се пристапи кон отворање на царински зони во согласност со законот.

Заради што поуспешно вклучување во инвестиционите работи во странство, сè понеопходно е здружувањето и поврзувањето на изведувачите на инвестициони работи и на производителите на опрема и материјал, на организациите на здружен труд за инженеринг и консалтинг, на банките и другите учесници заради истражување на пазарот, организиран настап и давање комплетни услуги, почнувајќи од прединвестиционите активности преку извозот на наша опрема и материјали до пуштањето на објектите во погон. Ваквото поврзување, како и поврзувањето на разни форми на научно-техничката соработка со инвестиционите активности ќе придонесе за зголемување на конкурентната способност на југословенското стопанство на светскиот пазар.

9. Треба доследно да се спроведува програмата за нормализација на надворешната ликвидност. Основна ориентација на таа програма треба да биде намалувањето на степенот на задолженоста на земјата, со сведување на височината на годишната отплата на 25% од девизниот прилив до 1990 година, и намалувањето на височината на надворешниот долг. Тоа треба да се постигне, во прв ред, со зголемување на извозот и на девизниот прилив. Со намалување на износот на долгот и на степенот на задолженоста на земјата ќе се овозможи развивање на нормални кредитно-финансиски односи со странство.

Во услови на нужност висок процент на девизниот прилив да се користи за отплата на странските долгови, отплатата мора да се решава на таков начин кој го обезбедува и поттикнува развојот на стопанството со воведување на иновации и со примена на нова технологија како основа за идниот развој.

Да се обезбеди доследно спроведување на начелото дека одговорноста за секое ново задолжување ја поднесува оној кој се задолжува и кој, според тоа, е должен да го врати кредитот.

## III

Собранието на СФРЈ ги утврдува следниве правци на активноста во развојот на билатералната, мултилатералната, регионалната и субрегионалната соработка:

1. Остварувањето на урамнотежен регионален распоред на економските односи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странство е суштествен елемент на зачувувањето и јакнењето на независната меѓународна положба на Југославија како неврзана и социјалистичка земја. Во среднорочниот план на општествено-економскиот развој да се утврдат пропорциите на регионалниот распоред на економските односи со странство.

2. Да се постигаат што поурамнотежени економски односи со одделни земји на тој начин што постојната нерамнотежа би се отстранувала или ублажувала со проширување на соработката, а не со нејзино намалување. Увозните потреби да се намируваат, пред сè, од земјите што се готови повеќе да увезуваат наши производи и да остваруваат потрајни форми на соработка.

3. За развивање на економската соработка со одделни земји, покрај билатералните договори за меѓусебната соработка, треба да се користат и можностите што ги даваат спогодбите за соработка со определни регионални и субрегионални економски интеграции чиишто членки се односните земји. И во иднина треба решително да се залагаме за постигање на такви спогодби и за овозможување на такви услови и практика во која регионалните економски интеграции и нивното проширување нема негативно да влијаат врз одвивањето на рамноправната и обострано корисна соработка со одделна земја или групи земји.

4. Во односите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со соседните земји треба повеќе да се користат погодностите што ги даваат близината на пазарот и повеќестраната упатеност на заедничка соработка. Тргнувајќи од тоа, соработката со соседите да се постави и да се развива врз дологорчни основи, а посебно во областа на сообраќајот, електросистемот, комуникационите системи, во областа на водостопанството, туризмот и во други области. Да се донесат долгорочни програми за економска соработка со соседните земји во што пократок рок.

Во развојот на добрососедите односи, во рамките на меѓудржавните спогодби понатаму да се развива пограничната економска соработка која едновремено придонесува за подобро поврзување на деловите на народите и народностите кои живеат по должина на границите.

Во поширокиот регион на соседството да се поттикнува ширењето и јакнењето на економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите на Балканот и Средоземјето на билатерален и мултилатерален план.

5. Во соработката со развиените земји на Запад се неопходни организирани и координирани усилби за воспоставување на порамноправни и поурамнотежени економски односи. Да се поттикнува зголемувањето на трговската размена, особено со поголемо учество на југословенски-

от извоз во вкупната меѓусебна трговска размена и со користење на погодностите што ги даваат општата шема на преференцијалите како инструмент за продлабочување на соработката и спогодбите за економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со регионалните групации. Да се унапредуваат производствената кооперација и заедничките вложувања и особено техничката соработка врз проектите од заеднички интерес и врз проектите во трети земји.

Посебно е значајно, во рамките на натамошниот развој на соработката со развиените земји на Запад, на техничко-технолошки план да се остваруваат такви односи што ќе го поттикнуваат побрзиот развој на сопствените технолошки потенцијали и ќе го намалуваат степенот на технолошка зависност.

За натамошен развој и унапредување на соработката со европските развиени земји на Запад треба да придонесе остварувањето на Спогодбата помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Европската економска заедница (ЕЕЗ), со која треба постојано да се развиваат и збогатуваат договорните односи и форми на соработка. Во преговорите за обновување на трговскиот дел од Спогодбата да се настојува да се установат нови решенија во регулирањето на односите со ЕЕЗ што би придонеле кон поповолни и постабилни услови за југословенскиот извоз на индустриски и земјоделски производи во Заедницата.

Соработката со земјите членки на Европското здружение за слободна трговија (ЕФТА) да се развива со унапредување на постојните билатерални форми и со проширување на мултилатералната соработка воспоставена помеѓу СФРЈ и ЕФТА, вклучувајќи ги и можностите што произлегуваат од Декларацијата СФРЈ - ЕФТА (Берген, 1983).

За пошироко познавање, за размена на искуствата и за проширување на економската соработка со развиените земји на Запад треба да придонесе соработката со Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

6. Тргнувајќи од достигнатиот обем на економските односи со социјалистичките земји, посебно треба да се поттикнува онаа соработка што ќе придонесува за јакнење на производствената кооперација и специјализација, за трансфер на технологијата, за заеднички вложувања, за финансиска и научно-техничка соработка, како и за соработка во областа на енергијата, суровините и храната.

Во економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со овие земји и понатаму да се усовршува практиката на склучување трговски и платни спогодби, петгодишни спогодби и годишни протоколи за размена на стоки и услуги, да се интензивира работата на меѓувладините и други мешовити органи за заемна економска и начуно-техничка и друга соработка.

Мултилатералната економска и научно-техничка соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на земјите членки на Советот за заемна економска помош (СЕВ) и понатаму да се развива врз основите на Спогодбата за учествување на Југославија во работата на органите на СЕВ од 1964 година.

7. Во развојот на економските односи со странство посебно значење има спроведувањето на Резолуцијата на Собранието на СФРЈ за развивање на економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите во развој, усвоена на 16 декември 1983 година. Неопходно е сите носители на економската соработка со земјите во развој максимално да се ангажираат врз нејзината конкретизација и остварување.

Заради посилно поттикнување на економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите во развој да се доградат решенијата и механизмите во стопанскиот систем и економската политика во согласност со интересите на здружениот труд.

Заради обезбедување на трајна и стабилна ориентација на стопанството кон одделни пазари, а посебно кон пазарите на земјите во развој, потребно е да се разработи комплексен механизам за заштита на организациите на здружен труд, како од комерцијалните така и од нестопанските ризици.

Да се настојува соработката да се прошири на сите земји кога постои заеднички интерес: да се развиваат долгорочните форми на производствено-техничко поврзување, особено преку заеднички вложувања и заедничко производство, индустриска кооперација, пренесување на достигањата на науката, техниката и технологијата и заедничко користење на природните богатства и на недоволно искористените производствени капацитети, како и заедничко производство на храна: да се засилат активностите врз склучувањето на билатералните меѓудржавни спогодби со кои се уредуваат прашањата значајни за натамошното унапредување на меѓусебната економска соработка; поефикасно да се решаваат отворените прашања за стабилни, квалитетни и со планот предвидени износи на средства за дополнително кредитирање и осигурување на извозот на опрема и за изведување на инвестициони работи во странство; посебно внимание да му се посвети на финансирањето на прединвестиционите активности заради навремно вклучување во работите.

Посебно е потребно меѓу земјите во развој да се поддржува, поттикнува и иницира финансиската соработка помеѓу финансиските и банкарските организации, како и соработката со регионалните и меѓународните финансиски организации (почнувајќи од иницирањето на проектите и заедничката работа врз нив).

Во рамките на соработката со земјите во развој поголемо внимание да му се посвети на користењето на слободните индустриски капацитети во нашата земја заради заедничко производство и продажба на светскиот пазар, прибегнувајќи во тоа, пред сè, кон сопствените научни и технолошки достигања, врз основите на сопствените суровини, репродукционен материјал и човечки потенцијали.

Да се поттикнува со посебни мерки заедничкиот настап на нашите организации на здружен труд во земјите во развој, да им се дава предност на изведувањето на комплетни објекти и за заедничката соработка врз основа на поголемо вклучување на производствените фактори на тие земји: да се остварува комплексна понуда, почнувајќи од идејниот проект до производството и маркетингот вклучувајќи го образованието на кадрите: механизмите на плаќањето да се приспособуваат кон заедничките интереси за развивање на соработката во сите области и, во таа смисла, да се користат можностите за компензациони, паралелни и слични работи: да се обезбеди ширење и развивање на различните форми за научно-техничка соработка што придонесуваат за развој на човечките и материјалните извори, односно оваа соработка повеќе да се поврзува со економската. Во согласност со можностите, да се продолжи со давањето на различни видови помош, посебно на најмалку развиените земји.

Да се поттикнуваат сите заинтересирани производствени и други организации на здружен труд, како и организациите во областа на науката за побрзо и поорганизирано учество на југословенското стопанство во зголеменото производство и извозот на храна, вклучувајќи го ивозот на знаење и технологија во акцијата за производство на храна во земјите во развој, а особено во Африка.

Да се обезбеди зголемување, стабилност и измена на структурата на увозот од земјите во развој во корист на производите од повисоки фази на обработка и да се создаваат поповолни услови за увоз на стоки што се резултат од заедничкото и сопственото производство.

8. Заради јакнење на меѓусебната економска соработка на земјите во развој да продолжи интезивното учество во политичките и други акции за спроведување во живот на програмите за меѓусебна економска соработка што ги усвоија движењето на неврзаните земји и Групата 77 земји во развој. За таа соработка посебно се значајни акциите за: основање банка на земјите во развој; што поитно започнување на преговори за општиот систем на трговските преференцијали помеѓу земјите во развој; воспоставување на мултисекторски систем на информирањето и јакнење на меѓусебната соработка на претпријатијата во јавна сопственост во земјите во развој.

Да се унапредат организацијата и методот на соработка на институциите што учествуваат во реализацијата

на соработката на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во рамките на програмите за меѓусебна соработка на земјите во развој.

9. Тргнувајќи од Спогодбата за проширување на економската соработка помеѓу Југославија, Индија и Египет, понатаму да се поттикнува таа соработка со создавање на преференцијални услови, особено за соработка во областа на индустриската кооперација и заедничкото производс во врз основа на меѓусебна поделба на трудот, како и преку заемно корисни платни аранжмани. Да се настојува кон Спогодбата да пристапат и други земји во развој. Да се разработат основите и формите на соработката со регионалните и другите економски асоцијации што се развиваат помеѓу земјите во развој.

10. Во поглед на заштитата на југословенските граѓани на привремена работа во странство, во соработка со земјите во кои тие работат, а посебно со земјите на Европската економска заедница, да се засилат акциите за: зачувување на нивниот национален идентитет особено за образование на нивните деца како југословенски граѓани: целосна примена на мултилатералните и билатералните спогодби за нивната положба и заштита што Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги потпиша со државите во кои тие работат, особено кога се однесува до примената на начелото на еднаквост со домашните работници во работно-правната, здравствената и социјалната заштита.

Тргнувајќи од општествно-економскиот интерес да се создаваат поповолни услови за реинтеграција на нашите граѓани на привремена работа во странство. Со системските решенија и со мерките на екомоската политика да се стимулира натамошното зголемување на девизниот прилив преку нивните дознаки и девизното штедење. Да се инсистира на финансиско-материјално учество на државите во кои работат југословенските работници, во нивната економска реинтеграција при враќањето во земјата со создавање на поповолни услови за нивно продуктивно вработување, вклучувајќи го и развојот на малото стопанство.

Да се преземаат мерки и акции за јакнење на улогата на југословенските иселеници во проширувањето и унапредувањето на економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите на имиграцијата.

11. Во согласност со ставовите на движењето на неврзаните земји и на Групата 77 земји во развој, а тргнувајќи од потребата за создавање на соодветни услови за сопствен развој и за развој на земјите во развој во целост, Социјалистичка Федеративна Република Југославија во меѓународните мултилатерални организации и органи и натаму ќе се залага за активен дијалог и за преговори помеѓу развиените земји и земјите во развој заради барање решенија за постојано растечките меѓународни економски проблеми, за постигање договор за почетокот на глобалните преговори во рамките на системот на Организацијата на обединетите нации, за измена на структурата на светското стопанство и на меѓународните економски односи и за воспоставување на нов меѓународен економски поредок.

Проблемите во врска со долговите на земјите во развој се еден од најкрупните економски и политички проблеми на современиот свет. Тие проблеми мораат заеднички да ги решаваат должниците и доверителите. Тоа претпоставува постигање согласност за олеснување на товарот во врска со отплатата на долговите, посебно со намалување на каматните стапки, потоа отстранување на протекционизмот и создавање на поповолни услови за извоз на пазарите на развиените земји, како и подобрување на условите за размена на земјите должнички и за прилив на финансиски средства за развој на земјите во развој. Заради решавање на поширокиот монетарно-финансиски проблеми, потребно е ангажирање за да се оствари предлогот на Седмата конференција на шефовите на државите или владите на неврзаните земји за свикување светска конференција за парите и финансиите за развој.

За побрз развој на нашето стопанство, како и на стопанствата на другите земји во развој е потребна интензивна соработка со меѓународните финансиски институции, со почитување на начелото на независност, рамноправност и на заемните интереси. Изменетите услови и зголемените потреби за меѓународна соработка бараат реформи на Меѓународниот монетарен фонд и на Меѓународната банка за обнова и развој што би ги оспособиле за поадекватна улога во регулирањето на меѓународните финансиски односи и решавањето на проблемите на развојот. Тоа е од заеднички интерес, зашто ќе влијае врз оживувањето на стопанството и врз унапредувањето на соработката помеѓу развиените земји и земјите во развој.

Да се развива сестрана активност во рамките на Обединетите нации и на другите организации и органи на системот на Организацијата на обединетите нации заради поттикување и унапредување на меѓународната соработка за развој врз основа на рамноправно учество на сите земји. Во тој поглед Социјалистичка Федеративна Република Југославија посебно ќе се залага за натамошно унапредување на работата и за јакнење на оние органи и организации што веќе се афирмирале како најпогодни за преговори помеѓу развиените и земјите во развој. На тој план посебно место има активноста на Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD) и унапредувањето на нејзината работа во согласност со мандатот на оваа организација.

12. Да се преземаат мерки за да се користат, повеќе отколку досега, можностите за извоз на стоки и услуги, низ различни форми на меѓународната задружна економска и техничко-технолошка соработка. Посебно вниамние да ѝ се посвети на задружната размена и на економската соработка со земјите во развој поради големото значење на задружниот сектор во стопанската структура на овие земји. Да се унапреди самоуправното деловно организирање и координацијата на настапот на заинтересираните организации за здружен труд во согласност со принципите на меѓународната задружна трговија.

13. Во деловната соработка со странските фирми да се преземаат мерки за натамошно проширување и унапредување на економско-технолошката соработка, увоз на современа технологија, подобрување на организацијата на работата и работењето, зголемување на извозот и обезбедување на динамичен општествен развој, со зачувување на основните вредности на социјалистичкото самоуправно општество ( општествена сопственост на средствата за производство, независност и неврзаност на земјата и нејзина безбедност) и заштита на човековата средина. Заради тоа да се преземат мерки за да се користат што поцелесообразно можностите што ги дава Законот за измени и дополненија на Законот за вложување средства на странски лица во домашни организации на здружен труд, особено со организирана понуда на соодветни програми. Треба да се изврши соодветно приспособување на законите и другите прописи и на мерките на економската политика, што се однесуваат на нашето вложување во други земји.

14. Посебно да се води сметка за тоа соработката со транснационалните компании да биде во согласност со производствената ориентација и со приоритетите на стопанскиот развој на Југославија, да биде девизно урамнотежена со тоа што постепено да води кон позитивни платнобилансни ефекти, да придонесува во креирањето на сопствените техничко-технолошки капацитети и сопствената истражувачко-развојна работа и да ја поттикнуваат домашната кооперација.

## IV

Заради остварување на политиката на економските односи со странство и на оваа резолуција, Собранието на СФРЈ ги утврдува следниве мерки, обврски и одговорности на носителите на економските односи со странство:

1. Во економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странство решавачка улога има здружениот труд, кој мора да биде развојно оспособен за критериумите што важат на светскиот пазар. Сите системски и други мерки мораат да бидат во функција на тоа барање.

За остварување на оваа улога да јакне самоуправното поврзување, интеграцијата и концентрацијата и оптималната организираност на југословенското стопанство во земјата за негов настап во странство.

Да се обезбедува целосно влијание на здружениот труд врз донесувањето и спроведувањето на општествениот план на Југославија, на плановите на републиките и на автономните покраини и на другите општествено-политички заедници, како и врз мерките на тековната економска политика.

Државните органи се должни да создаваат неопходни услови за остварување на оваа улога на здружениот труд. Во тој правец тие, помеѓу другото, ќе преземаат мерки за создавање на постабилни стимулативни услови за работење со странство, мерки за намалување на непотребното администрирање и за поедноставување на комплицираната постапка во вршењето на работите во областа на економските односи со странство; својата внатрешна организација ќе ја приспособат кон потребите на организациите на здружен труд, а посебно заради навремено донесување на решенија. Неопходно е државните органи, во рамките на своите надлежности, во областа на економските односи со странство да постигаат целосна координација на работата.

2. Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата ќе предлагаат системски мерки и ќе донесуваат мерки на економската политика што ќе го поттикнуваат, мотивираат и долгорочно ќе го обезбедуваат вклучувањето на југословенското стопанство во современите процеси на производството преку квалитетни форми на стопанска соработка со странство, што е суштествен услов за зголемување на југословенскиот извоз на стоки и услуги, и долгорочно ќе ги обезбедуваат трајните интереси на југословенското стопанство. Да се развиваат консалтинг и инженеринг услугите како составен и суштествен дел на сите други форми на извозот на стоки и услуги.

3. Стопанската комора на Југославија, стопанските комори на републиките и на автономните покраини, општите здруженија и заедниците ќе ја засилат акцијата за унапредување на координацијата и самоуправното поврзување на организациите на здружен труд во форма на конзорциуми и слични форми заради постигање долгорочна стабилна и ефикасна економска соработка со странство и заради што поусогласен настап на странските пазари.

Сите учесници во меѓународната економска размена и надлежните органи на општествено-политичкикте заедници се должни решително да се борат против нелојалната конкуренција помеѓу југословенските организации на здружен труд на странскиот пазар. Затоа банките нема да им даваат кредитна поддршка на носителите на нелојалната конкуренција; треба да се дополнат договорите за кодексот на деловното однесување и да се засили работата на судовите на честа и на другите форми за јакнење на одговорноста.

Да се спроведуваат мерките за подобра меѓусебна информираност и за унапредување на меѓусебната координација во вршењето на работите преку спогодување и договарање на непосредно заинтересираните организации на здружен труд во земјата. Целокупниот систем на стопанските комори, како и другите органи и организации, треба да дејствуваат во тој правец, усовршувајќи ги методите и механизмите за договарање и координација.

4. Сите носители на работите во областа на економските односи со странство (организациите на здружен труд и нивните асоцијации, стопанските комори, органите на управата и други), во соработка со научнообразовните институции, се должни да преземаат мерки за постојано подобрување на квалитетот на кадрите кои работат на надворешно-економските работи. Посебно внимание да им се посветува на стручноста и одговорноста на кадрите во вршењето на работите на извозот и воведувањето на повисоки форми на економската соработка. Тоа бара и значајни промени во наставните програми на образовните институции и воведување на перманентно стручно усовршување. Прекршителите на законите на деловниот морал и на нормите на социјалистичкото самоуправно општество енергично да се исклучуваат од работата на надворешно-економските работи.

5. Стопанската комора на Југославија и Сојузниот извршен совет ќе преземат мерки за воспоставување на целосен деловен информационен систем со кој на организациите на здружен труд и на другите носители на економската соработка со странство би им се давале проверени, навремени и целосни деловни информации што би служеле за поуспешно работење со странство, за подобрување на нашата позиција во меѓународната економска соработка и за соодветно приспособување на југословенското стопанство и на политиката на економските односи со странство кон движењата на светскиот пазар.

Во соработка со стопанските комори на републиките и на автономните покраини, Стопанската комора на Југославија ќе презема мерки за квалитетно јакнење на стручните, посебно на правните служби во организациите на здружен труд за вршење на работите и задачите во склучувањето на договорите со странски лица и во врска со меѓународните арбитражи, како и за специјализација на работниците за тие работи.

6. Да се продолжи со општествената акција за рационализација на надворешнотрговската мрежа во странство во согласност со политиката што ја утврди Собранието на СФРЈ (Заклучоци на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ од 14 мај 1984 година). Статусот на заедничките стопански претставништва да се определува согласно со условите на земјите во кои тие работат. За оцена на работата на заедничките стопански претставништва во странство главно мерило се резултатите од економската соработка, посебно во зголемувањето на извозот и развивањето на повисоките форми на економската соработка и преносот на југословенската технологија.

Унапредувањето на економската функција на дипломатско-конзуларните претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е исто толку значајно колку и успешноста во унапредувањето на политичките односи и општата пријателска соработка. Едно од најважните мерила за оцена на нивната работа се резултатите што се постигнати во економската соработка со односната земја.

Да се унапредува соработката помеѓу дипломатско-конзуларните претставништва и заедничките стопански претставништва. Заради поефикасно спроведување на целите на политиката во областа на економските односи со странство е неопходно понатаму да се развива и да се усовршува координацијата на работата на дипломатско-конзуларните и на заедничките стопански претставништва.

7. Имајќи ги предвид барањата на современиот техничко-технолошки развој за стручни профили на кадри што ќе можат брзо и успешно да се вклучуваат во квалитетно новите работи во областа на економските односи со странство, се наметнува нужноста од приспособување на системот на образованието и воспитувањето и содржината на наставните планови и програми кон тие потреби. За тоа е потребно во целосна мера да се ангажираат научните и високошколските установи и другите образовно-воспитне организации.

8. Средствата на јавното информирање и издавачките организации на здружен труд треба поактивно да придонесуваат за остварувањето на нашата политика на економските односи со странство, афирмирајќи ги, пред сè, извозните потенцијали на нашето стопанство и сестрано известувајќи ги работните луѓе и граѓаните за современите стопански движења во светот, за стопанските дејности на организациите на здружен труд во областа на економските односи со странство и за заедничките усилби во земјата за отстранување на негативностите и слабостите во остварувањето на утврдената политика на економските односи со странство. Во тој поглед е значајна општествената улога на јавните гласила и на издавачката дејност во афирмацијата и остварувањето на целите и задачите утврдени во оваа резолуција.

9. Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата ќе преземат мерки за спроведување на оваа резолуција и, во врска со тоа, ќе му предложат на Собранието на СФРЈ донесување на потребните акти. Во рамките на известувањето на Собранието на СФРЈ за спроведувањето на политиката и на мерките од областа на економските односи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странство, ќе известуваат и за остварувањето на оваа резолуција.

Сојузниот извршен совет при изработката на Долгорочниот општествен план на Југославија за периодот од 1986 до 2.000 година и Општествениот план за периодот од 1986 до 1990 година и при подготовката на годишните резолуции за општествено-економскиот развој во областа на економската соработка со странство, ќе тргнува од определувањата утврдени во оваа резолуција.

10. Во врска со тоа, Собранието на СФРЈ:

- им препорачува на собранијата на републиките и на автономните покраини, во рамките на своите надлежности, да иницираат донесување на поттикнувачки и други мерки заради спроведување на оваа резолуција и за создавање услови здружениот труд да може во целосна мера да ја остварува својата улога во креирањето и спроведувањето на договорената политика на економските односи со странство;

- им препорачува на собранијата на општините, на градските и регионалните заедници, во рамките на разгледувањето на прашањата од областа на економските односи со странство, да го следат остварувањето на оваа резолуција и, врз таа основа, да ги насочуваат и координираат активностите на сите учесници во економските односи со странство.

11. Собранието на СФРЈ, во вршењето на политичката контрола над спроведувањето на оваа резолуција, ќе ја засилува непосредната соработка со организациите на здружен труд и со другите самоуправни организации и заедници и со нивните асоцијации.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 520
17 јуни 1985 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Илијаз Куртеши**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Методи Антов**, с. р.

---

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 55 СТАВ 1 ОД ДИСЦИПЛИНСКИОТ ПРАВИЛНИК НА СОЈУЗОТ НА ФУДБАЛСКИТЕ СУДИИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Со Решението на Уставниот суд на Југославија У. бр. 97/80 од 9 март 1983 година, на иницијатива од Иван Петковиќ, од Шибеник, покрената е постапката за оценување на уставноста на одредбите од член 55 став 1 на Дисциплинскиот правилник на Сојузот на фудбалските судии на Југославија од 13 август 1976 година, зашто Уставниот суд оцени дека основано може да се постави прашањето дали Сојузот на фудбалските судии на Југославија можел да пропише казна дисквалификација за прекршоци предвидени во оспорените одредби на Дисциплинскиот правилник.

Решението за покренување на постапка му е доставено на Сојузот на фудбалските судии на Југославија, но оваа спортска организација не достави одговор на наводите содржани во тоа решение.

2. Со оспорената одредба на Дисциплинскиот правилник е пропишано дека судија, или инструктор, ќе биде дисквалификуван ако не им се покорува на Статутот, правилниците, на другите прописи и заклучоци на судиската и фудбалската организација; ако во вршењето на својата функција прима парични надомести што не му припаѓаат, подароци или какви и да е награди и надомести во врска со судењето на натпревари што не се предвидени со соодветните прописи на надлежната фудбалска организација, односно што им се даваат на судиите против одобрението на надлежната фудбалска организација; ако во судиската и фудбалската организација или надвор од неа, во јавниот живот, направи нешто што претставува кривично дело кражба, проневера, грабеж и слично нечесно дело, без оглед дали е поведена кривична постапка; ако пристрасно суди на натпревар; ако наговори друг судија да не ја изврши должноста или да суди пристрасно; ако ги организира судиите против некој судиски форум; ако сее раздор во судиската или фудбалската организација; ако се обложува на резултатот на натпреварот што го суди; ако ги нападне физички судијата или помошните судии што судат на натпреварот; ако во вршењето на судиската должност на кој и да е начин ја злоупотреби својата положба заради прибавување на материјална корист; ако како член на судиски форум ја злоупотреби својата положба; ако суди натпревар во пијана состојба; ако стори што и да е нечесно што не е во согласност со судиското звање или ако со своето однесување во приватниот живот, на работното место и во општествено-политичката работа го нарушува угледот на судиското звање и организацијата.

3. На јавната расправа одржана на 25 октомври 1984 година давателот на иницијативата остана при барањето во иницијативата и додава дека ја поднесол молбата до Сојузот на фудбалските судии на Хрватска и до Сојузот на фудбалските судии на Југославија заради рехабилитација. Одговорено му е дека за изречената казна дисквалификација нема место за рехабилитација, зашто е доживотно исклучен од судиската организација.

Секретарот на Сојузот на фудбалските судии на Југославија во своето излагање истакна дека, доколку на судија или на инструктор (контролор на судењето) му се изрече казна дисквалификација, предвидена со Дисциплинскиот правилник, тогаш доживотно се исклучува од Сојузот на фудбалските судии. Против правносилната одлука може да се поднесе молба до Конференцијата на Сојузот на фудбалските судии на Југославија. Постои Самоуправна контрола и Сојузна контрола за заштита на законитоста на Дисциплинскиот правилник, која ја цени молбата и, доколку е основана дисквалификуваниот се рехабилитира.

4. Казната дисквалификација се изрекува за најтешки повреди на правилата на однесувањето, предвидени со Дисциплинскиот правилник. Таа не е временски ограничена како другите казни, па затоа во практиката се применува како доживотно исклучување од судиската организација. Членот на Сојузот на судиска организација, по правносилноста на одлуката за казна дисквалификација, има право со молба да се обрати до Конференцијата на својот сојуз за опростување на казната, како и за вонредно ублажување, или вонредно ослободување од издржувањето на казната, а посебна комисија во составот на Конференцијата, по службена должност, може да вложи барање за заштита на Дисциплинскиот правилник ако установи дека постои повреда на тој правилник. Меѓутоа, доколку нема

услови за ослободување од казната со употреба на наведените вонредни правни средства (чл. 20 и чл. 90 од Дисциплинскиот правилник), дисквалификуваното лице се отстранува од Сојузот на фудбалските судии доживотно.

По оцена на Уставниот суд на Југославија, одредбите на член 55 став 1 од оспорениот дисциплински правилник со кои е пропишана казна дисквалификација, што всушност претставува доживотно отстранување од судиската организација, не се согласни со Уставот на СФРЈ.

Според Основните начела во оддел II став 11 од Уставот на СФРЈ, неприкосновена основа на положбата и улогата на човекот, меѓу другото, претставуваат и демократските политички односи што му овозможуваат на човекот да ги остварува своите интереси, правото на самоуправувањето и другите права, да ја развива својата личност со непосредна активност во општествениот живот, а особено во органите на самоуправувањето, во општествено-политичките организации и во други општествени организации и здруженија, што ги создава сам и преку кои влијае врз развивањето на општествената свест и врз проширувањето на условите за својата активност и за остварување на своите интереси и права.

Сојузот на фудбалските судии на Југославија е самоуправна општествена спортска организација и како таква може да пропише правила за однесување на своите членови, како и казнени мерки за повреда на тие правила на однесувањето. Меѓутоа, пропишаната казна доживотно отстранување од судиската организација го доведува во прашање ограничувањето на слободата и правата загарантирани со Уставот. Во смисла на член 203 став 2 од Уставот на СФРЈ само со закон се определува во кои случаи и под кои услови користењето со слободите спротивно на овој устав повлекува ограничување и забрана на нивното користење. Во нашиот правен систем не постои законска мерка доживотна забрана на вршењето професионални и општествени дејности, па тоа не можат да го пропишат ни општествените организации.

Со оспорената одредба на член 55 став 1 од Дисциплинскиот правилник е предвидена казна дисквалификација и за кривично дело без оглед дали е поведена кривична постапка, што значи некое дело од страна на соодветни фудбалски органи се прогласува за кривично дело и тоа пред правосилната судска одлука, што е во спротивност со член 181 став 4 од Уставот на СФРЈ.

5. Врз основа на член 375 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија, по одржаната јавна расправа на седницата за советување и гласање, одржана на 14 февруари 1985 година, со мнозинство гласови донесе

Одлука

1. Се укинуваат одредбите на член 55 став 1 од Дисциплинскиот правилник на Сојузот на фудбалските судии на Југославија од 13 август 1976 година.

2. Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: д-р Васил Гривчев, претседател на Уставниот суд на Југославија и судиите: д-р Јосиф Трајковиќ, Божидар Булатовиќ, д-р Александар Фира, д-р Стана Ѓукиќ - Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, Воислав Ракиќ, Јаким Спировски, Славко Кухар, Милосав Стијовиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 97/80
14 февруари 1985 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Васил Гривчев,** с. р.

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАЛТА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАЛТА

I

Се отповикува

Марко Косин од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Малта со седиште во Рим.

II

Се назначува

Анте Скатаретико, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Италија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Малта со седиште во Рим.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 9
31 мај 1985 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Радован Влајковиќ,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јосић Јосипа Хајдар, Пргомет Петра Анто, Сузић Николе Бранко, Шабановић Салке Шахсеман;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бакаловић Јахија Хасан, Скерт Аугуста Петар, Табаковић Ристе Младен, Тирић Фрање Фрањо, Тркуља Лазара Бранко;

- за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Арнаут Ибрахима Садија, Билић Османа Алија, Кецман Стевана Ново, Муњиза Стевана Раде, Вукоје Ђорђе Данило;

- за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Агановић Салиха Фехим, Беганлић Махмута Ариф, Хаџановић Ибре Хајро, Калем Саве Вукашин, Каракаш Боже Лазо, Ковачевић Шпире Милан, Ковачевић-Симић Ћетка Радојка, Лисав Радована Васо, Марин Пере Даница, Миладиновић Јована Чедо, Николић Јована Станоје, Обрадовић Момира Млађен, Сикора Отокара Александра, Скопљак Реџе Мујо, Ступар Бранка Марко, Шиљевић Ристе Секула, Терзић Ахмета Ремзо;

- за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Мандић Јована Миле;

- за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ајановић Салиха Хасан, Алексић Ђурђа Душан, Алвир Фабијана Анто, Арнаутовић Зајима Абид, Арсенић Којe Мирко, Авдић Шаћира Бајро, Бабић Јово Божидар, Бећировић Мехе Исмет, Божић Видака Гојко, Будовић Обрада Божидар, Цвијић Бошка Радивоје, Чворо Илије Велимир, Дагоја Тахира Фахрудин, Дамјанац Лазара Светозар, Демировић Селима Мушан, Доманчић-Надрамија Паскала Вероника, Џанановић Хамида Осман, Џатић Душана Божо, Ђаковић Николе Војин, Ђокић Мирка Срето, Ефендић Ханмида Екрем, Фазлић Раме Хамид, Гаћиновић Војислава Душан, Гавран Илије Лука, Газибеговић Ђазим, Глухић Шефкије Мустафа, Хабибија Мехе Авдо, Хукић Ахме Хамдија, Икић Јове Мирко, Јанчић Мирка Љубан, Јеличић Николе Никола, Јовандић Милана Васо, Јовановић Симе Милан, Карачић-Алић Махмута Нејра, Карачић Јозе Звонко, Касум Салке Селим, Којовић-Ђећез Јеремије Јелица, Комарчевски Михајла Никола, Коњициа Мије Анто, Коркут Дервиша Муниб, Ковач Фрање Фрањо, Ковачевић Мустафе Мустафа, Ковачевић Маријана Томо, Ликић Салиха Халид, Лизде Мује Алија, Ловрен-Перковић Илије Христина, Мајић Ивана Стипо, Мариновић Марка Анто, Марковић Блаже Младен, Мартић Стевана Вид, Мартиновић Јуре Младен, Мехичић Џавера Асим, Мештровић Мирка Јосип, Мезит Шабана Дервиш, Мијатовић Богдана Душан, Милановић Мехе Хамдија, Милошевић Бранка Десимир, Милутиновић Бранка Живко, Мусић Јове Илија, Музур Јове Вукан, Оловчић Хасана Селвер, Омерагић Хасана Мустафа, Ожеговић Николе Богдан,

Пајо Ђамила Асим, Палалић Васе Михајло, Павловић Јове Илија, Перић Јанка Душан, Перић-Николић Николе Милка, Пападић Илије Симо, Приморац Андрије Илија, Реџеп Рамиза Рамиз, Рожић Тривуна Милан, Сантрач Миле Никола, Савић Димитрије Тоде, Сеферовић Сулејмана Есад, Сијерчић Акифа Мухамед, Симић-Липаи Јована др Хермина, Симић Вида Радован, Смаилбеговић Салиха Смаил, Стефановић-Баришић Миро Викторија, Стјепуић Илије Аугустин, Стојановић Богомира Милан, Шћекић Новака Миливој, Шеховић Османа Ибрахим, Шепа Илије Драго, Шолаја-Марковић Данила Олга, Шпаго Мехе Мусеин, Теуфиловић Љубе Раде, Туце-Корунић Ивана Анка, Удовичић Нике Иво, Удвинчић Реџе Халил, Видојевић Лазара Павле, Врховац-Милановић Раде Ковиљка, Вучинић Ристе Гојко, Живковић Милорада Драгојло;

- за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани.

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Бешић Заима Сакиб, Дедић Шабана Мехо, Перанић Павла Иван, Селак Николе Фрањо;

- за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Абази Хамида Тефик, Божић Маријана Рафо, Кантић Дедо Ибро, Кљајић-Јовановић Рафаила Горица, Корајлић Мехмеда Лутвија, Ковачевић Мирка Драго, Кујунџић Мује Атиф, Машић-Ћевриз Пере Зорка, Сарачевић Касима Мустафа, Сарајлић Ибрахима Сулејман, Ступић Милана Милан, Штарк Јована Слободан, Вејновић Мирка Раде, Вујевић Анте Стипо, Зорић Боже Мићо;

- за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ахметагић Халида Мустафа, Антонић Владимира Бранко, Берић Ибре Мухо, Блажевић Мустафе Џемал, Бошњак Бећира Асим, Брка Салиха Мухамед, Бркић Сулејмана Адил, Цвијановић-Језиђић Драгутина јелена, Чохаџић Хасана Џевад, Даниловић Николе Саван, Дракула Петка Миладин, Гаврић Мирка Бојо, Хаџиефендић-Кушљић Богдана Љиљана, Хурић Хамеда Алија, Јаловчић-Бермел Николе Ингеборд, Јелица Иве Јуре, Кепник Фрање Зоран, Керановић Уроша Момчило, Миливојевић Димитрије Млађен, Миљковић Хусеина Мухарем, Митровић Стипе Ивица, Муса Захида Нусрет, Оглечевац Јусуфа Ејуб, Пандурић Ђуре Андрија, Пикњач-Аличехајић Абдулаха Невзета, Станчић Саве Раде, Стојић Милоша Славко, Шпирић Остоје Митар, Тојагић Илије Коста, Убавић Димитрија Миленко;

- за заслуги и постигнати успеси во работата за општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бучан Рамиза Исо, Кецман Јанка Бошко, Перков Боже Јуре, Радовић Данојла Лазар.

Бр. 8
17 февруари 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 рочка 8 од уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

Од СР Словенија
– за извонредни заслуги во изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и значаен придонес за општиот развиток на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Авбељ Јожеф Виктор.

Бр. 9
16 февруари 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

– за извонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Арапска Република Египет

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

Мохамед Hosni Mubarak, претседател на Арапска Република Египет.

Бр. 11
22 февруари 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

– за особени заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Сан Марино

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Renzo Renzi, капетан регент на Репубвлика Сан Марино, Germano De Bigai, капетан регент на Република Сан Марино;

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Giordano Bruno Reffi, државен секретар за надворешни работи,
Emilio della Balda, државен секретар за финансии, буџет и планирање
Antonio Carattoni, повереник во владата за индустрија и занаетчиство

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Maria Antonietta Bonelli, генерален директор за политички работи на Државниот секретаријат за надворешни работи,
Antonia Fattori, функционер на Дражавниот секретаријат за надворешни работи, новонаименуван генерален конзул на Репблика Сан Марино во СФРЈ,
капетан Sorrado Carattoni, командант на Гардата на Великиот генерален совет.

Бр. 12
23 февруари 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Црна Гора

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Домазетовиќ Мијата Лука, Гошовиќ Сима Ђорђија, Мусиќ Милана др Ђуро, Пејовиќ Крсте Светозар, Поповиќ Душана Војислав, Вукотиќ Марка Милорад;

– за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Калезиќ Ђорђија Ратко, Краљевиќ Петра Василије, Вешовиќ Јована Димитрије;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Белојевиќ Стефана Веселин, Чарапиќ Васа др Владимир, Ѓокиќ Мираша Мартин, Љуљѓурај Марка Коља, Љуљѓуровиќ Ѓока Никола, Мијовиќ Димитрије Миодраг, РадовиќВаја Душан, Марковиќ Милутина Милорад, Станишиќ Божа Димитрије;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Дајковиќ Луке Блажо, Мирановиќ Петра Гојко, Радичевиќ Драга Војислав, Радиновиќ Петра Вукашин, Рамовиќ Јусуфа Џавид, Станишиќ Рашка Трифун, Стијеповиќ Сава Бранко, Шаховиќ Тема Алит, Ускоковиќ Миќуна Вељко, Вешковиќ Сава Славко, Вукчевиќ-Радовиќ Душана Бранко;

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Четковиќ Николе Блажо, Томашевиќ Драга Бранка;

– за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Џамај Ноше Зеф, Вучковиќ Арса Чедомир;

Од СР Македонија

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење во социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Атанасовски Пане Борче, Цветковски Трајко Тихомир, Тренчевски Киро Петар;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Басотов Трајко Александар, Боцевски Темељка Марко, Кузман Алфонс Вета, Милошевски Димко Арсо, Најдовски Сотир Методија, Пејковски Тодор Јовче, Прошев Ристо Митко, Василевски Дано Гицо, Велковски Божин Благоја;

– за заслуги на полето на јавната безбедност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Димовски Наумов Цветан, Ѓорѓиевски Славков Василе, Илиевска Коста Стојка, Јовановски Јордан Тодор, Кушевски Никодин Душко, Николовски Ристо Димитар;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Алексовски Славко Миомир, Ангеловски Ангеле Ѓуре, Ангеловски Коста Методија, Буцевски Благоја Иван, Димитровски Јован Васко, Дуровски Глигор Вангел, Ѓорѓиоски Гавро Тихомир, Ѓорѓовски Митре Јонче, Георгиевски Милојко Мирослав, Лотески Живко Пејо, Макревски Куле Богољуб, Мерџановски Душан Цветко, Мимидиновски Мефаил Сефер, Наумовски Рафе Косте, Наумовски Рафе Наум, Николовски Тоде Ѓорѓија, Петровски Ѓорѓи Љубе, Сачмароски Методија Ѓорѓи, Смиљановски Гинов Јован, Стефановски Кузман Ѓорѓи, Талевски Смиљан Душан, Трајаноски Дончов Миле, Трајковски Тодор Веле, Велковски Наум Перо;

– за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручните знаења и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Мацоски Филип Душан;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Арслани Навита Намик, Богданоски Левка Сретен, Бошњаковска Трпе Елисавета, Божиновски Крсте Мартин, Цветковски Николе Цветко, Ќосев Петре Атанас, Димитриевски Коста Петар, Димитровска-Георгиева Ацева Иванка, Димковски Аранѓел Милорад, Ѓуришиќ-Орглерт Николај Галина, Грубовиќ Радосав др Милош, Илиќ Милана Милица, Јакимовски Ристо др Славе, Карафилоски Сотиров Војо, Кондарко Борис Никола, Костовски Матеа Томислав, Ковачева-Дамеска Сотир Ратка, Мифтари-Јакомовска Деспот Аница, Мингов Мине Борис, Мојсовски Филип Димитар, Наумовски Ефто Тодор, Николоски Нико Мирко, Петровски Димитар Ристо, Проја Томо Ѓорѓи, Рајовски Ѓорѓиов Ристо, Ристовска-Кирилова Стево Борка, Стамболиски Панко Стојко, Станкоски Методија Станко, Стефановски Ристе Бошко, Талева Ранѓелова Јоана, Трифуноски Софре Симе, Упески Трајанов Благоја, Ваневски Борис Димитар, Веловски Коста Вело;

– за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Бабачев Јонче Антоние, Бишкоски Јована Трајче, Јосифовски Ивана Панче;

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Алексовски Александар Димитар, Анастасов Ставро Крсто, Бошњаковски Стеван Александар, Данилов Стојан Павле, Ѓорѓиева-Кожуварова Наум Слободанка, Ѓорѓиевски Димов Душан, Ефтимов Васил Тимо, Нинкикев Петков Ѓорѓија, Огненов Трендафил Киро, Павловска Јован Зорица, Петровски Петко Атанасије, Поповски Димитрија Милан, Рајчиќ Нешов Нешо, Соколовски Јован Јордан, Тодоровски Ѓорѓи Воислав;

– за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Блажевска-Маневска Веле Стојанка, Ѓурев Киро Илија, Јосифоски Цветан Душан, Јовановски Петар Недан, Костовски Љубомир Васе, Крстевски Здравко Александар, Талески Симон Благоја, Велковски Наѓо Спасоје;

– за заслуги и постигнати успеси во работата за општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бошкоски Благоја Добривоје, Рафајловски Пројко Томе, Стефаноски Панче Илија;

Од СР Србија

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Траиловић Милићевић Андреја Мира;

– за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручните знаења и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Гуслов Гавре Лука;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Чупић Љубомира Бранислав, Ђоковић Милоша Љубиша, Ђорђевић Војислава Бориvoје, Петровић Милана Александар, Предић Живојина Живадин;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

